Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-790/4
21-12-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-790 од 7.11.2023 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-790 од 7.11.2023 година, поднесена од [redacted] **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 7.11.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на јазик, боја на кожа, национална или етничка припадност, раса и припадност на маргинализирана група.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беа наведени целосни податоци за лицето против кое се поднесува претставката, и не беше образложено со кое дејствие и описот на настанот кој резултирал со дискриминација, дополнително на фактот дека не беше образложено дали здружението која ја поднесува претставката има оправдан интерес за конкретното дејствие, на 8.11.2023 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе го наведе податоци за лицето против кое ја поднесува претставката – адреса на живеење, во однос на описот на настанот – да ги наведе сите информации за околностите и фактите врз кои се темели претставката, и дополнително, имајќи предвид дека предметната претставка е поднесена од страна на здружение – да достави Статут/тековна состојба или друг акт со кој би се докажало постоењето на правен интерес за поднесување на претставка за заштита од дискриминација.

Поради фактот што беа извршени 2 неуспешни обиди за достава на предметното барање за доуредување, при што поднесокот беше вратен од пошта со образложение: известен – не побарал, на 5.12.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го извести

подносителот и уредно го достави барањето за доуредување преку електронска пошта. Со ваквото известување подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката во законскиот рок од 8 дена.

Подносителот на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
21.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]